# Службен гласник

## на Општина Кавадарци



| Број 58 | 30.07.2020 година |
|---|---|



СОДРЖИНА



| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект„ Градски Пазар со подземен паркинг„ во две нивоа покриен со настрешница и изградба на улица 1 „ Зелен Пазар„ - асфалтирање и комплетна подземна инфраструктура„ ; | 5 |
| Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект„ Градски Пазар со подземен паркинг„ во две нивоа покриен со настрешница и изградба на улица 1 „ Зелен Пазар„ - асфалтирање и комплетна подземна инфраструктура„ | 5 |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци 2020 година; | 7 |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци 2020 година; | 8 |
| Решение за објавување на Одлука за донесување на конечен предлог план на Детален урбанистички план за дел од УЕ11, дел од блок 11.5, помеѓу улиците „Киро Крстев„ „Крсте Мисирков„„ и „7 ми | 9 |

| | |
|---|---|
| Септември„ Општина Кавадарци, плански период (2018-2023) ; | |
| Одлука за донесување на конечен предлог план на Детален урбанистички план за дел од УЕ11, дел од блок 11.5, помеѓу улиците „Киро Крстев„ „Крсте Мисирков„„ и „7 ми Септември„ Општина Кавадарци, плански период (2018-2023) ; | 10 |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување на Програма за изградба на придружен објект на гробишта(мртовечница) на градежно земјиште со катастарска парцела КП бр.12501/1 КО Кавадарци град, на градежна парцела ГП 1.1од ДУП Урбана единица „Лазо Асијата | 12 |
| Одлука за одобрување на Програма за изградба на придружен објект на гробишта(мртовечница) на градежно земјиште со катастарска парцела КП бр.12501/1 КО Кавадарци град, на градежна парцела ГП 1.1од ДУП Урбана единица „Лазо Асијата | 13 |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на активностите на Општина Кавадарци во областа на спортот за 2020; | 13 |
| Програма за изменување и дополнување на активностите на Општина Кавадарци во областа на спортот за 2020; | 14 |
| Решение за објавување на Одлука за утврдување на интерес за основање на Акционерско Друштво Градски Ракометен Клуб ТИКВЕШ 2014 Кавадарци; | 16 |
| Одлука за утврдување на интерес за основање на Акционерско Друштво Градски Ракометен Клуб ТИКВЕШ 2014 Кавадарци; | 17 |
| Решение за објавување на Одлука за примање донација – Патничко Моторно возило од ДММ Дрекслмајер Мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Кавадарци; | 18 |
| Одлука за примање донација – Патничко Моторно возило од ДММ Дрекслмајер Мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Кавадарци; | 18 |
| Решение за објавување на Одлука за откажување од корисничко право на недвижна ствар за КО Глишиќ; | 19 |
| Одлука за откажување од корисничко право на недвижна ствар за КО Глишиќ; | 20 |
| Решение за објавување на Одлука за ослободување од плаќање на партиципација на деца Роми, што се во социјален ризик,кои се корисници на услугите на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци; | 21 |
| Одлука за ослободување од плаќање на партиципација на деца Роми, што се во социјален ризик,кои се корисници на услугите на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци; | 22 |
| Решение за објавување на Одлуката за усвојување на Годишна Програма на Јавна Општинска установа – Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци за 2020 година | 23 |

| | |
|---|---|
| Одлуката за усвојување на Годишна Програма на Јавна Општинска установа – Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци за 2020 година | 23 |
| Решение за објавување наОдлуката за давање согласност на Годишен план со арх.бр.01-110 од 18.06.2020 година - за вработување во ЈОУ Локален Музеј-галерија Кавадарци за 2021 година | 24 |
| Одлуката за давање согласност на Годишен план со арх.бр.01-110 од 18.06.2020 година - за вработување во ЈОУ Локален Музеј-галерија Кавадарци за 2021 година | 24 |
| | |
| Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Годишен План за вработување на ООУ„Тоде Хаџи Тефов „ Кавадарци за 2021 година | 25 |
| Одлуката за давање согласност на Годишен План за вработување на ООУ„Тоде Хаџи Тефов „ Кавадарци за 2021 година | 26 |
| Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Годишен План за вработување на ООУ„ Димката Ангелов Габерот „ Кавадарци за 2021 година | 26 |
| Одлуката за давање согласност на Годишен План за вработување на ООУ„ Димката Ангелов Габерот „ Кавадарци за 2021 година | 27 |
| Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Годишен План за вработување на ООУ„Страшо Пинџур „ Кавадарци за 2021 година | 28 |
| Одлуката за давање согласност на Годишен План за вработување на ООУ„Страшо Пинџур „ Кавадарци за 2021 година | 28 |
| Решение за објавување на Одлуката за усвојување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци за 2020 година | 29 |
| Одлуката за усвојување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци за 2020 година | 30 |
| Решение за објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци за I тромесечие од 2020 година | 31 |
| Одлуката за усвојување на Извештајот за редовното работење на | 31 |

| | |
|---|---|
| ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци за I тромесечие од 2020 година | |
| Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Годишен План за вработување на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за 2021 година | 32 |
| Одлуката за давање согласност на Годишен План за вработување на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за 2021 година | 3 |
| Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Правилник со арх. бр.03-1519/4 од 21.07.2020 година за изменување и дополнување на Правилникот за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци | 34 |
| Одлуката за давање согласност на Правилник со арх. бр.03-1519/4 од 21.07.2020 година за изменување и дополнување на Правилникот за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци | 34 |
| Решение за објавување на Решение за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Кавадарци | 35 |
| Решение за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Кавадарци | 36 |
| Решение за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци | 37 |
| Одлуката за измена и дополнување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци | 38 |
| Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Годишен План за вработување на ООУ„ Гоце Делчев „ | 39 |

| | |
|---|---|
| Кавадарци за 2021 година | |
| Одлуката за давање согласност на Годишен План за вработување на ООУ„ Гоце Делчев „ Кавадарци за 2021 година | 39 |
| Решение за објавување на Одлука за ослободување од надоместок за користењена просторот пред деловните простории за вршење на дејност и намалување на висината на комуналната такса; | 40 |
| Одлука за ослободување од надоместок за користењена просторот пред деловните простории за вршење на дејност и намалување на висината на комуналната такса; | 41 |
| Решение за објавување на Одлука за одредување на приоритетен проект "Изработка на проектна документација за реконструкција на извори, водоводна и фекална мрежа со колекторски систем„ | 42 |
| Одлука за одредување на приоритетен проект "Изработка на проектна документација за реконструкција на извори, водоводна и фекална мрежа со колекторски систем„ | 42 |
| Решение за објавување на Заклучокот по Информацијата во врска со судски предмет П4 бр.27/18 | 43 |
| Заклучокот по Информацијата во врска со судски предмет П4 бр.27/18 | 44 |
| Акти од Комисија за статут и прописи; | 45 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање**
**на Проект„ Градски Пазар со подземен паркинг„**
**во две нивоа покриен со настрешница и изградба на улица 1**
**„ Зелен Пазар„ -асфалтирање и комплетна подземна инфраструктура„**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект„ Градски Пазар со подземен паркинг„ во две нивоа покриен со настрешница и изградба на улица 1 „ Зелен Пазар„ - асфалтирање и комплетна подземна инфраструктура„„ донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.07.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-4108/1** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.07.2020 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 6 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), а во врска со член 18 и член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.61/04...244/19), член 4 од Законот за јавен долг(„Сл.Весник на РМ„ бр.62/05,

88/08, 35/11, 139/14), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05,14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 43-тата седница одржана на ден 29.07.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за долгорочно задолжување на Општина Кавадарци**
**за финансирање на Проект„ Градски Пазар со подземен паркинг„**
**во две нивоа покриен со настрешница и изградба на улица 1**
**„ Зелен Пазар„ -асфалтирање и комплетна подземна инфраструктура„**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува долгорочно задолжување на Општина Кавадарци, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор со Комерцијална Банка АД Скопје, во висина од 118.000.000 денари, а со цел финансирање на капитален инвестиционен проект„ Градски Пазар со подземен паркинг„ во две нивоа покриен со настрешница и изградба на улица 1 „ Зелен Пазар„ - асфалтирање и комплетна подземна инфраструктура„.

**Член 2**

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно задолжување преку Комерцијална Банка АД Скопје, под следниве услови:

-**Износ за кредит -** 118.000.000,00 денари;

-**Валута** –денари(без девизна клаузула):

-**Користење на средства**-во повеке транши, наменски врз основа на поднесена документација-фактури, времени ситуации, договори и сл., во врска со проектот кој е предмет на финансирање;

-**Рок на користење** – до 2 (две ) години од датумот на првото користење;

-**Рок на отплата** -12 (дванаесет) години од датумот на првото користење со вклучен грејс период;

-**Грејс период**- 2 (две) години од датумот на првото користење;

-**Динамика на отплата** - тримесечни (квартални ануитети);

-**Каматна стапка**-Променлива каматна стапка за целиот период на отплата на кредидот еднаква на референтната каматна стапка +1,00 пп каматна маржа, но не помалку од 2,50% годишно, декурзивно;

-**Провизија при одобрување** - 0,20% од износот на одобрениот кредит, еднократно при одобрување;

**-Провизија за предвремено враќање-** Без провизија кога се врши предвремена отплата од сопствени средства;

-3% од износот за кој се врши предвремено враќање/затворање на кредитната изложеност, само во случај на предвремена отплата на искористените средства од кредитот со рефинансирање од друга банка;

**-Обезбедување -** 1 (една) бланко сопствена акцептирана меница со менична изјава-согласност Банката да ја пополни и употреби за наплата на своите побарувања без протест, уредена со Нотарски акт и клаузула за извршност-акцептирана и трасирана од Општина Кавадарци;

**-Останати трошоци** - трошок за 1 (една) меница (вкупно 500,00 денари),
Трошок за нотарски акт;

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„.

| | |
|---|---|
| **Бр.08-3949/1** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **29.07.2020 година** | **Претседател,** |
| **К А В А Д А Р Ц И** | **Ристо Сакалиев** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2020 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2020 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.07.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-4108/2** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.07.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 95 од Законот за градежно земјиште („Сл.Весник на РМ„ бр. 15/2015.....275/19), а во врска со член 4 од Правилникот за степенот на уредување на градежно земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост(„Сл.Весник на РМ„бр. 15/15...193/16), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 82 став 1 точка 8 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.Гласник на општина Кавадарци" бр.8/05,14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 43-тата седница одржана на ден 29.07.2020 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2020 ГОДИНА

### Член 1

Во Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2020 година („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.49/19), се врши следното изменување и дополнување:

**Во ставка „Изградба на системи за одводнување и прочистување на отпадни води и водоснабдување**

Се додава нова ставка " Атмосферска канализација на ул. Ресавска со износ од 800.000 ден. Со тоа вкупниот износ од 5.400.000 денари, се заменува со износ од 6.200.000 ден.

**Во ставката "Изградба на јавни објекти":**

Алинејата Изградба на Пазар- со подземен паркинг во две нивоа покриен со настрешница и изградба на улица 1 „ Зелен Пазар„ -асфалтирање и комплетна подземна инфраструктура (проектирана вредност-105.000.000 денари, средствата ке бидат обезбедени со кредит)„ се менува и гласи:

**„ Изградба на Пазар- со подземен паркинг во две нивоа покриен со настрешница и изградба на улица 1 „ Зелен Пазар„ -асфалтирање и комплетна подземна инфраструктура (проектирана вредност-118.000.000 денари, средствата ке бидат обезбедени со кредит);**

**Вкупниот износ не се менува.**

**Во ставка "Изградба во селски месни заедници":**

-Во с. Сопот ставката " Крпење на ровови" со износ од 3.000,000 ден се заменува во износ од 2.200,000, а со тоа вкупниот износ во ставката **"Изградба во селски месни заедници "** од 2.800.000 денари се заменува со износ од „5.000.000" денари.

Вкупната сума во износ од 16.300.000 денари се заменува со износ од „15.500.000" денари.

**Во точка "ВКУПЕН РЕКАПИТУЛАР" ставката:**

- Изградба на системи за одводнување и прочистување на отпадни води и водоснабдување, износот од 5.400.000 се заменува со износ од „6.200,000 " денари
- Изградба и реконструкција на улици и други објекти во селски месни заедници, износот од 16.300.000 се заменува со износ од 15.500,000 денари.

Вкупниот износ останува непроменет.

Во останатиот дел Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2020 година, останува непроменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци."

**Бр.08-3949/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.07.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Одлука
## за донесување на конечен предлог план на Детален урбанистички план за дел од УЕ11, дел од блок 11.5, помеѓу улиците „Киро Крстев„ „Крсте Мисирков„, и „7 ми Септември„ Општина Кавадарци, плански период (2018-2023)

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за донесување на конечен предлог план на Детален урбанистички план за дел од УЕ11, дел од блок 11.5, помеѓу

улиците „Киро Крстев„ „Крсте Мисирков„„ и „7 ми Септември„ Општина Кавадарци, плански период (2018-2023), донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.07.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-4108/3**
**30.07.2020 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија„ бр.5/2002), член 41 точка 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.199/14....168/18), член 82 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 43-тата седница одржана на ден 29.07.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на конечен предлог план на Детален урбанистички план за дел од УЕ11, дел од блок 11.5, помеѓу улиците „Киро Крстев„ „Крсте Мисирков„„ и „7 ми Септември„ Општина Кавадарци, плански период (2018-2023)**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци донесува конечен предлог план на Детален урбанистички план за дел од УЕ11, дел од блок 11.5, помеѓу улиците „Киро Крстев„ „Крсте Мисирков„„ и „7 ми Септември„ Општина Кавадарци, плански период (2018-2023).

Документацијата за донесување на конечен предлог план на Детален урбанистички план за дел од УЕ11, дел од блок 11.5, помеѓу улиците „Киро Крстев„ „Крсте Мисирков„„ и „7 ми Септември„ Општина Кавадарци, плански период (2018-2023), е изработена во согласност член 123 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилник за стандарди и

нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ” бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), и Правилник за поблиска содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ, Регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на Урбанистичко плански документации и Архитектонско-урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Службен весник бр.142/15).

**Член 2**

Просторот за кој се донесува конечен предлог план на Детален урбанистички план за дел од УЕ11, дел од блок 11.5, помеѓу улиците „Киро Крстев„ „Крсте Мисирков„„ и „7 ми Септември„ Општина Кавадарци, плански период (2018-2023), е со вкупна површина од 12 .911,97 м2.

**Член 3**

Составен дел на оваа одлука е :

-Текстуален дел и графички приказ на планските решенија, како и нумерички дел со билансни показатели за планираните површини и градби за донесување конечен предлог план на Детален урбанистички план за дел од УЕ11, дел од блок 11.5, помеѓу улиците „Киро Крстев„ „Крсте Мисирков„„ и „7 ми Септември„ Општина Кавадарци, плански период (2018-2023).

Согласност од министерството за транспорт и врски бр.24-3655/2 од 24.06.2020 година .

**Член 4**

Одлуката за донесување на конечен предлог план на Детален урбанистички план за дел од УЕ11, дел од блок 11.5, помеѓу улиците „Киро Крстев„ „Крсте Мисирков„„ и „7 ми Септември„ Општина Кавадарци, плански период (2018-2023), ја потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Кавадарци.

**Член 5**

Со прикачување во електронска форма на конечен предлог план на Детален урбанистички план за дел од УЕ11, дел од блок 11.5, помеѓу улиците „Киро Крстев„ „Крсте Мисирков„„ и „7 ми Септември„ Општина Кавадарци, плански период (2018-2023), истиот станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамки на информацискиот систем е-урбанизам со бр.на постапка 15035.

**Член 6**

Општина Кавадарци конечен предлог план на Детален урбанистички план за дел од УЕ11, дел од блок 11.5, помеѓу улиците „Киро Крстев„ „Крсте Мисирков„, и „7 ми Септември„ Општина Кавадарци, плански период (2018-2023), ке го објави во електронска форма на својата WEB страна .

**Член 7**

Оваа Одлука ја спроведува Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Кавадарци.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-3949/3** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.07.2020 година** — **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука**
**за одобрување на Програма за изградба на придружен објект на гробишта(мртовечница) на градежно земјиште со катастарска парцела КП бр.12501/1 КО Кавадарци град, на градежна парцела ГП 1.1од ДУП Урбана единица „Лазо Асијата„**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за одобрување на Програма за изградба на придружен објект на гробишта(мртовечница) на градежно земјиште со катастарска парцела КП бр.12501/1 КО Кавадарци град, на градежна парцела ГП 1.1од ДУП Урбана единица „Лазо Асијата„, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.07.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-4108/4** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.07.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весникна РМ „бр.5/02), а во врска со член 73 став 1 алинеја 23, став 3 и став 4 од Законот за градење („Сл.Весник на РМ„ бр.130/09....18/20), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005),

Советот на Општина Кавадарци на 43-тата седница одржана на ден 29.07.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на Програма за изградба на придружен објект на гробишта(мртовечница) на градежно земјиште со катастарска парцела КП бр.12501/1 КО Кавадарци град, на градежна парцела ГП 1.1од ДУП Урбана единица „Лазо Асијата„**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци ја одобрува Програмата Програма за изградба на придружен објект на гробишта(мртовечница) на градежно земјиште со катастарска парцела КП бр.12501/1 КО Кавадарци град, на градежна парцела ГП 1.1од ДУП Урбана единица „Лазо Асијата„со тех.бр. 45/20, изработена од ДООЕЛ „ПЕРКАН ПРОЕКТ„ Прилеп .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-3949/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.07.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот

на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади за 2020 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади за 2020 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.07.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-4108/5** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.07.2020 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр 5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл.гласник на општина Кавадарци„ бр.08/05, 14/10, 10/24, 38/19 ),

Советот на Општина Кавадарци на 43-тата седница одржана на ден 29.07.2020 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на**
**Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади за 2020 година**

**Член 1**

Во Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади за 2020 година бр. 08-378/40 од 29.01.2020 година и 08-2376/9 од 30.04.2020(„Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.50/2020 и бр.53/2020), се врши следното изменување и дополнување:

Во делот АКТИВНОСТИ , точка 1 табеларниот приказ се менува и ГЛАСИ :

| АПЛИКАНТ | Финансиски средства |
|---|---|
| 1. Здружение Градски фудбалски клуб вТИКВЕШв1930 Кавадарци | 3.750.000 ден. |
| 2. Здружение Градски Ракометен клуб „ТИКВЕШ 2014в Кавадарци | 750.000 ден. |
| 3. Здружение на граѓани Женски Кошаркарски Клуб „ТРОКАЛв Кавадарци | 675.000 ден. |
| 4. Карате клуб „КАВАДАРЦИв Кавадарци | 600.000 ден. |
| 5. Здружение Атлетски клуб „КавадарциІ Кавадарци | 45.000 ден. |
| 6. Џудо клуб „КОЖУВЧАНКАее КМ-КМ Кавадарци | 60.000 ден. |
| 7. Здружение Ракометен клуб „ТИКВЕШ ЈУНИОРИ 2012вКавадарци | 75.000 ден. |
| 8. Карате клуб вТиквешв Кавадарци | 71.250 ден. |
| 9. Здружение„КИК БОКС КЛУБ БУДОв Каваадрци | 56.250 ден. |
| 10. Стрелачки клуб „КАВАДАРЦИв Кавадарци | 52.500 ден. |
| 11. Здружение Карате клуб вЕНЕРЏИ-ОССв Кавадарци | 45.000 ден. |
| 12. Здружение Кошаркарски клуб АКАДЕМИК Кавадарци | 45.000 ден. |
| 13 Здружение Тениски клуб „ЦРНА РЕКАв Ђ Кавадарци | 37.500 ден. |
| 14. Здружение Карате клуб Сансаи Кавадарци | 75.000 ден. |
| 15. Здружение ,ПАРТИЗАН Ђ СРНИв Кавадарци | 97.500 ден. |
| 16.Општински сојуз на училишен спорт на Кавадарци | 67.500 ден |
| 17. Здружение на граѓани Карате клуб „ЕЛЕН-ЕДЕНв Кавадарци | 93.750 ден. |
| 18. Здружение за кошарка „КК ЈАСМИН Ђ 95в Кавадарци | 97.500 ден. |
| 19. Спелеонуркачки клуб „ВРЕЛОв Скопје | 45.000 ден. |
| 20. Спортски риболовен клуб „Оскарв- Кавадарци | 45.000 ден. |
| 21.Здружение на граѓани „НИНЏУТСУ КЛУБ ТАТСУЏИНв Ђ Кавадарци | 67.500 ден. |
| 22. Здружение Кошаркарски клуб вПРО БАСКЕТ БАЛ вКавадарци | 45.000 ден. |
| 23. Пинг-понгарски клуб „Кавадарцив Кавадарци | 30.000 ден. |
| 24. Атлетски клуб „ТИКВЕШв Кавадарци | 45.000 ден |
| 25. Здружение Кошаркарски клуб „СПОРТИСИМО БАСКЕТв Кавадарци | 45.000 ден. |
| 26. Аеро клуб „ВИТАЧЕВОв Кавадарци | 37.500 ден. |
| 27. Планинарско спорско друштво „ОРЛЕв -Кавадарци | 52.500 ден. |
| 28. Здружение „Тиквешки Точакџиив Кавадарци | 37.500 ден. |
| 29. Здружение Планинарски клуб ЗЕЛЕН БРЕГ Кавадарци | 30.000 ден. |
| 30. Здружение Карате клуб вРОНИН КАИ КАНв Кавадарци | 45.000 ден. |
| 31. Фудбалски клуб вМАРЕНАв с.Марена | 300.000 ден. |
| 32. Фудбалски клуб „СОПОТСКО ПОЛЕв с.Сопот | 22.500 ден. |
| 33. Здружение атлетски клуб „ОЛИМПИЈА 2019в Кавадарци | 101.250 ден. |
| 34. Фудбалски клуб вГАБЕР в с.Ваташа | 67.500 ден. |
| 35. Здружение Боди Билдинг клуб „ЕКСТРИМ ЏИМ 212в Кавадарци | 45.000 ден. |
| 36. Кик Бокс Клуб „КАВАДАРЦИв Кавадарци | 60.000 ден |
| 37. Здружение на рекреативци и активни екологисти „МЕРЕДИЈАН АТЛЕТИК ЕКОв Кавадарци | 37.500 ден. |
| 38. Клуб за мал фудбал „КЛИМИв Кавадарци | 37.500 ден. |
| 39. Здружение „ТИКВЕШКИ ДЕЛФИНИв Кавадарци | 37.500 ден. |
| 40. Здружение фитнес клуб „БУДО- ФИТв Кавадарци | 45.000 ден. |
| 41. Фудбалски клуб вВаташа 2019в с.Ваташа Кавадарци | 22.500 ден. |
| 42. Здружение одбојкарски клуб вТИКВЕШ ВОЛЕЈ 2019 вКавадарци | 105.000 ден. |

**ВКУПНО 8.100.000 денари**

Точка 5 се менува и ГЛАСИ :

„За развој на колективниот спорт во градот (фудбал и ракомет) Општина Кавадарци ќе издвои финансиски средства на име субвенции и тоа за ,

- Здружение Градски фудбалски клуб "ТИКВЕШ"1930 Кавадарци финансиски средства во висина од 1.500.000 денари и
- Здружение Градски Ракометен клуб „ТИКВЕШ 2014" Кавадарци финансиски средства во висина од 1.100.000 денари (трансформирано во Акционерско Друштво Градски Ракометен Клуб ТИКВЕШ 2014 Кавадарци)„.

По точка 5 се додава нова точка 6 која ГЛАСИ:

„Од Буџетот на Општина Кавадарци да се издвојат финансиски средства на име акционерски капитал за основање на Акционерско Друштво Градски Ракометен Клуб ТИКВЕШ 2014 Кавадарци во износ од 800.000 денари„.

Севкупната вредност на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади за 2020 година е во износ од 12.100.000 денари.

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-3949/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.07.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука**
**за утврдување на интерес за основање на**
**Акционерско Друштво Градски Ракометен Клуб**
**ТИКВЕШ 2014 Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за утврдување на интерес за основање на Акционерско Друштво Градски Ракометен Клуб ТИКВЕШ 2014 Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.07.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-4108/6** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.07.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 точка 6 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.05/2002), а во врска со член 6, 6-а и член 7 од Законот за спорт ( „Службен весник на РМ„ бр. 29/02...244/19 ), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05,14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 43-тата седница одржана на ден 29.07.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на интерес за основање на**
**Акционерско Друштво Градски Ракометен Клуб ТИКВЕШ 2014**
**Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува интерес на Општина Кавадарци за основање на Акционерско Друштво Градски Ракометен Клуб ТИКВЕШ 2014 Кавадарци.

**Член 2**

Вкупниот акционерски капитал на Акционерското Друштво Градски Ракометен Клуб ТИКВЕШ 2014 Кавадарци е во износ од 1.550.000,00 денари,

од кои Општина Кавадарци ќе учествува со акционерски капитал во износ од 800.000,00 денари, односно со процентуален износ од 53,3 %., од капиталот.

Финансиските средства на име акционерски капитал на Општина Кавадарци од 800.000,00 денари ке се обезбедат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година и да се уплатат на жиро сметка на Акционерското Друштво

- 280001100064456 – SILK ROAD BANKA.

**Член 3**

Работите од надлежност на Собранието на Акционерското Друштво Градски Ракометен Клуб ТИКВЕШ 2014 Кавадарци, Општина Кавадарци ке ги врши преку овластен претставник.

Овластениот претставник се овластува да учествува на основачкото Собрание на Акционерското Друштво и да ги превземе сите дејствија и активности потребни за основање на Акционерското Друштво.

Како овластен претставник на Совет на Општина Кавадарци кој ке ги врши работите од надлежност на Собранието на Акционерското Друштво Градски Ракометен Клуб ТИКВЕШ 2014 Кавадарци, се именува Боро Ѓорѓиев, вработен во општинската администрација на Општина Кавадарци.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

| | |
|---|---|
| **Бр.08-3949/6** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **29.07.2020 година** | **Претседател,** |
| **К А В А Д А Р Ц И** | **Ристо Сакалиев** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука**
**за примање донација – Патничко Моторно возило од ДММ Дрекслмајер Мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за примање донација – Патничко Моторно возило од ДММ Дрекслмајер Мануфактуринг Македонија ДООЕЛ

Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.07.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-4108/7**
**30.07.2020 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.05/2002), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Сл.весник на РМ„ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05,14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 43-тата седница одржана на ден 29.07.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## за примање донација – Патничко Моторно возило од ДММ Дрекслмајер Мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Кавадарци

### Член 1

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација **Патничко моторно возило** со следните карактеристики:

- Вид: Volkswagen Kombi T6 Caravelle 2.0 TDI;
- Број на шасија :WV2ZZZ7HZGH056750;
- Број на мотор: CXH 009322;
- Година на производство: 2015,

од страна на давателот на донацијата ДММ Дрекслмајер Мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Кавадарци, со седиште на Индустриска зона ТЕЛОТ – Кавадарци, за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес и социјалната заштита и остварување на социјална грижа за инвалидни лица согласно член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (“Сл. Весник на РМ„бр.05/2002).

### Член 2

Вредноста на донација е утврдена на вкупен износ од **920.763,00 денари** со вкалкулиран ДДВ.

### Член 3

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, Советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот како прима тел на донацијата да склучи Договор за донација со давателот на донацијата согласно Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се а објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-3949/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.07.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука**
**за откажување од корисничко право на недвижна ствар за**
**КО Глишиќ**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за откажување од корисничко право на недвижна ствар за КО Глишиќ , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.07.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-4108/8** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.07.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 79 став 2 од Законот за приватизација и запуп на градежно земјиште во државна сопственост („ Сл. Весник на РМ„ бр. 4/05,

13/07, 165/08, 146/09, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ( „Сл.весник на РМ„ бр. 5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („ Сл. Гласник на Општина Кавадарци„ бр. 08/05),

Советот на Општина Кавадарци на 43-тата седница одржана на ден 29.07.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за откажување од корисничко право на недвижна ствар за КО Глишиќ**

Член 1

Со оваа Одлука Општина Кавадарци, се откажува од корисничкото право на недвижна ствар, прибележано на дел од КП 1345/3 КО Глишиќ, новоформирана КП 1345/10 КО Глиѓиќ, со површина од 10м2, евидентирана во Имотен лист бр. 1933, издаден од Агенција за катастар на недвижности под бр.1105-8614/2020 од 26.06.2020 година, согласно Геодетски елаборат за нумерички податоци бр.0802-636 од 14.12.2018 година на ТДГР„Геодетски Премер“ДООЕЛ – Кавадарци.

Член 2

Откажувањето на корисничкото право претставува основ за бришење на корисничкото право од имотен лист, ослободување од товар со цел непречено оформување на градежна парцела бр.36.1 согласно ДУП за УЕ„Рајко Жинзифов“001-2006, донесен со Одлука на Совет на Општина Кавадарци 07-921/6 од 18.07.2001 година.

Член 3

СЕ ЗАДОЛЖУВА, лицето кое има правен интерес за престанок на корисничкото право, на сметка на Буџет на Општина Кавадарци, НБРМ, жиро сметка 100000000063095, сметка на буџетски корисник 7320140363 630 19, приходна шифра 725939 00, цел на дознака други неданочни приходи, да уплати на име надоместок во износ од 14,5 еур по м2 во денарска противвредност за површина од 10м2, односно севкупно 8.917,00 денари, согласно Извештај од извршена процена на вредност на недвижен имот на градежно земјиште, изработен од ДТЛППУТ, увоз- извоз „ОПТИМА ЛОГИСТИК“АГ ДООЕЛ- Кавадарци , бр.03-11/1 од 11.03.2020 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-3949/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.07.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука**
**за ослободување од плакање на партиципација на деца Роми, што се во социјален ризик,**
**кои се корисници на услугите на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за ослободување од плакање на партиципација на деца Роми, што се во социјален ризик, кои се корисници на услугите на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.07.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-4108/9** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.07.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ( „Сл.весник на РМ„ бр. 5/02), а во врска со Нацрт- Записник со арх.бр.44-6489/1 од 13.07.2010 година од одржана седница на Влада на Република Северна Македонија, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, 14/10, 24/10,38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 43-тата седница одржана на ден 29.07.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за ослободување од плакање на партиципација на деца Роми, што се во социјален ризик,**
**кои се корисници на услугите на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се ослободуваат од плаќање на партиципација деца Роми, што се во социјален ризик, на возраст од 3 (три) до 6 (шест) години во вкупен број 15 (петнаесет), кои се корисници на услугите на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци, за учебната 2020/2021 година, согласно Препораките со арх.бр.44-6489/1 од 13.07.2020 година, на Влада на Република Северна Македонија за имплементација на Проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишно образование„.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-3949/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.07.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука**
**за усвојување на Годишна Програма на Јавна Општинска установа – Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци за 2020 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за усвојување на Годишна Програма на Јавна Општинска установа – Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци за 2020 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.07.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-4108/10** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.07.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

